I. СТ-121/20
I. СТ-138/20

P.

**ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ** преку стечајниот судија Ирена Петрушевска постапувајќи по предлогот поднесен од предлагачи - доверители Ленка Таскова од Велес, Зоранчо Конески од Велес, Зорица Димова од Велес, Тања Ивковиќ Пренцова од Велес и Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје, по одржано рочиште за расправање на условите за отворање стечајна постапка, во присуство на привремениот стечаен управник Симон Михајлоски од Скопје, за предлагачи-доверители Зоранчо Конески од Велес, лично, за Секјурити Гроуп Сервисес полн. адвокат Александар Димитриевски и за должбник управителот Будимир Митушевски, на ден 02.11.2020 година го донесе следното

Арх. знак 0804-6/1257
Рок на чување трајно
18-11-2020 год.
Потпис

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
Регионална Регистрациона канцеларија Скопје
ПРИМЕНО 18.11.2020 ПРИМЕНО

| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0804-6 | 1257 | | |

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје, поднесен од предлагачите - доверители Ленка Таскова од Велес, Зоранчо Конески од Велес, Зорица Димова од Велес, Тања Ивковиќ Пренцова од Велес и Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје.

**СЕ ОТВОРА** стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје, со седиште на ул.Народен фронт бр. 5-3/1 Скопје, со трансакциска сметка број 210-0619684501-71 во НЛБ банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6196845, единствен даночен број 4030007624760 при УЈП - Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност - 64.20 - Дејности на холдинг-друштвата.

**За стечаен управник** се определува Симон Михајлоски, ул. Скопје

**Се повикуваат** доверителите во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето на решението во Службен весник на РСМ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

**Се повикуваат** доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачни права на недвижностите што се запишани во јавните книги во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето на решението во Службен весник на РСМ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

**Се повикуваат** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**Се закажува** рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања и извештајно собрание на доверители на ден **20.01.2021** година, во **12,00 часот во судница II, I- кат.**

Решението за отворање на стечајна постапка да се достави до Централен регистар Регионална регистрациона канцеларија Скопје и до Агенција за катастар на недвижности Скопје, заради запишување во трговскиот регистар и во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите.

Да се објави оглас на веб страница на Централен регистар, во Службен весник на РСМ, во два дневни весника и на огласна табла на судот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачите - доверители доверители Ленка Таскова од Велес, Зоранчо Конески од Велес, Зорица Димова од Велес, Тања Ивковиќ Пренџова од Велес и Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје. со предлог доставен до судот предложија отворање постапка за стечај над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со образложение дека се исполнети условите утврдени во ЗС.

Судот во смисла на член 54 став 2 и член 58 став 1 и став 2 точка 1, 2, 3 и 4 и член 59 став 1 и став 4 од Законот за стечај со решение I. СТ-121/20 од 08.10.2020 година поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот и определи мерки за обезбедување и во текот на таа постапка закажа и одржа рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка согласно член 64 од Законот за стечај, а во врска со член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај.

На рочиштето на ден 02.11.2020 година предлагачите и полномошникот на предлагачот наведоа дека остануваат кон предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот.

Привремениот стечаен управник Симон Михајлоски го изложи извештајот за економско - финансиската состојба на должникот и наведе дека согласно билансот н состојба со 31.12.2019 г. должникот искажува добивка во износ од 261.564,00 денари. Истовремено искажува и загуба и пренесена загуба од претходните години во износ од 297.510.937,00 денари која загуба е значително поголема од искажаната добивка и истата укажува на презадолженост на должникот. Вкупната актива согласно билансот на состојба на должникот изнесува 682.650.069,00 денари. Активата се состои од следно: концесии, патенти и лиценци од 8.533,00 денари. Недвижности 222.251.469,00 денари, постројки и опрема 5.538.944,00 денари, алат, погонски канц. инвентар и мебел 1.065.728,00 денари, залихи на суровини - 5.344.187,00 денари, залихи на готови производи - 344.578.176,00 денари, побарувања од купувачи - 101.153.461,00 денари, побарувања од државата по основ на данок 771.513,00 денари, побарувања по дадени заеми - 1.444.613,00 денари, парични средства - 393.445,00 денари. По задолжение од стечајниот управник во тек е ажурирање на сметководствената евиденција со книжење на целокупната документација за состојбата во текот на 2020 година. Согласно приложената документација за отворање на стечајна постапка сметките на должникот кај носителите на платниот промет се блокирани повеќе од 45 дена. Врз основа на претходното се констатира дека должникот има имот што би претставувало стечајна маса. Врз основа на претходното, согласно чл. 5 став 1 и 2 од ЗС, предлагам да се отвори стечајна псотапка на должникот бидејќи се исполнети условите согласно чл. 5 став 1 и 2 од ЗС.